Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден дневните настани 09.10.2022

Денеска (09.10.2022) во 10.30 часот на ул.„Скупи" од полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје бил лишен од слобода Б.Ц.(35) од Скопје.
Тој се барал по распишана централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување на казна затвор од една година, за сторено кривично дело „кражба" по чл.235 од Кривичниот законик. Б.Ц. ќе биде предаден на надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (09.10.2022) во 09.45 часот на ул.„Палиро Тољати" од полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје бил лишен од слобода М.Ф.(42) од Скопје.
За него била распишана централна потерница по наредба од Основен кривичен суд Скопје. М.Ф. бил осуден на казна затвор од две години, за сторено кривично дело по чл.383 од Кривичниот законик. Тој ќе биде спроведен до надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 08.10.2022 во 21.00 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Л.(21) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (09.10.2022) во 02.30 часот, од полициски службеници од ОВР Струга лишен е од слобода С.Д.(30) од Неготино. За него била издадена наредба - потерница од Казнено-поправната установа Затвор Идризово. Во координација со Завен обвинител, С.Д. е приведен во полициска станица и ќе биде спроведен во казнено-поправната установа за издржување на казната.

Денеска (09.10.2022) во 03.00 часот во СВР Охрид е приведен П.Р.(35) од Охрид. При преглед извршен пред казино на улицата „Абас Емин" во Охрид, полициските службеници кај него пронајдоа и одземаа нож. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (09.10.2022) во периодот од 00.00 до 04.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за унифорирана полиција, спроведена е акциска контрола во угостителски објекти на територијата на цела држава. При контролата, приведени се четири лица од кои три малолетни, констатирано е едно кривично дело по член 215 од Кривичниот законик каде при преглед кај П.Р.(25) од Неготино бил пронајден кокаин. Затекнати се 11 малолетни лица, а констатирани се и две кривични дела по член 204 од Кривичниот законик поради точење алкохол на малолетни лица. Притоа затекнат е странски државјанин без соодветна документација за регулиран престој.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (08.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.
На територија на град Скопје изречени се вкупно 275 мерки, меѓу кои за возење повеќе до дозволената брзина 67 санкции, 28 мерки за возење без возачка дозвола, 38 санкции за возење под дејство на алкохол, 17 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се 11 мерки за користење мобилен телефон при возење, шест санкции за технички неисправни возила во јавниот превоз, осум мерки за вградени невистинити фолии (затемнети стакла), осум санкции за нерегистрирани возила, четири мерки за викнување на затворен сигнал (црвено светло)...

Во текот на изминатата вечер (08/09.10.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. При контролата констатирани и законски санкционирани биле 15 возачи. За време на контролата биле санкционирани и 19 останати прекршоци. Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до граѓаните да ги почитуваат сообраќајните правила.

На 08.10.2022 во 13.45 часот било пријавено дека во Скопје, на локалниот пат Драчево-с.Долно Количани, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „бмв", управувано од Р.А.(24) од с.Горно Количани, скопско и патничко „фолксваген", управувано од Г.Д.(34) од Скопје, двете со скопски регистрациски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле малолетен сопатник од возилото „бмв" и сопатникот од возилото „фолксваген" А.К.(29) од с.Студеничани, скопско, а со телесни повреди се здобиле двајата возачи и уште еден малолетен сопатник од возилото „бмв", констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08/09.10.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот, при извршени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници затекнале 13 возачи кои управувале мотори возила под дејство на алкохол (Охрид-05, Струга-04, Кичево-04). Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и издадени им се соодветни платни налози.

На 08.10.2022 во 18.00 часот било пријавено дека во с.Еднокуќево, струмичко, се случила сообраќајна несреќа помеѓу трактор „имт 533", управуван од М.М.(54) од с.Муртино, струмичко и мотоцикл „шинери", управуван од Д.Г.(24) од с.Еднокуќево, двете без регистрациски таблички. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, а со телесни повреди се здобил неговиот сопатник Б.М.(19) од с.Муртино, констатирани во Медицинскиот центар во Струмица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Струмица.

На 08.10.2022 во 12.45 часот во Полициската станица Карпош, Х.Ј.(46) од Скопје пријавила дека на ул.„Ругер Бошковиќ" била каснат од куче скитник.

На 08.10.2022 во 14.30 часот во Полициската станица Чаир, Г.Ц.(48) од Скопје пријавила дека на ул.„Радишанска" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 08/09.10.2022 во Битола, при извршена акциска контрола од полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола, Полициската станица за безбедност на сообраќајот и Полициската станица од општа надлежност од СВР Битола, биле лишени од слобода три лица, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" предвидено и казнило по член 215 од Кривичниот законик. Имено, на ул.„Никола Тесла" бил лишен од слобода Н.Т.(21) од Битола, бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана и други предмети со траги на дрога. Во битолската населба Горно Оризари биле лишени од слобода М.И.(29) и А.М.(29), двајаста од Битола, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана и други предмети со траги на марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе следи соодветен поднесок.

На 08.10.2022 во 10.50 часот од подрачјето на Центар од полициски службеници од Полициската станица Центар бил лишен од слобода малолетник од Битола, кој претходно бил пријавен дека се одалечил од Завод установа за згрижување на деца, а поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба" во хотел на подрачјето на Центар. Имено, тој најпрво одзел клуч од патничко возило „мерцедес" и се обидел да го стартува, но бил спречен, а потоа одзел паричник со платежна картичка, па на пошталот „Филип Втори" бил мерено нападнат од еден лице. Полициски службеници од Полициската станица Центар по добиената пријава излегле на местото и го затекнале малолетникот, а по укажавата лекарска помош во Комплекс клиники „Мајка Тереза", со него бил извршен службен разговор во полициска станица. Известен бил Завен обвинител, адвокат и социјален работник од Центарот за згрижување во Визбегово, а паричникот бил пронајден и вратен на сопственикот. Малолетникот бил предаден во Центарот за згрижување и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.10.2022 во 00.10 часот В.М.(64) од Скопје пријавил дека на 08.10.2022 околу 21.00 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од В.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.10.2022 во 00.12 часот било пријавено дека во угостителски објект во Крушево дошло до нарушување на јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка помеѓу Ц.С. и П.К., двајаста од Крушево. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.10.2022 во во 21.10 часот полициски службеници го лишиле од слобода А.С.(26) од Велес, постапувајќи по пријава добиена од П.Н.(28) од Скопје поранешен час претходно, според која на ул.„Димитар Влахов" во Велес тој бил пресретнат од А.С., Н.С. и М.М. сите од Велес, при што А.С. и Н.С. физички го нападнале, а бил употребен и тврд предмет. Според пријавено, во нападот се прикачуле уште неколку лица, а М.М. му одзела мобилен телефон. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следи поднесок.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против М.Љ.(43) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 22.12.2021 во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар при преглед кај приведениот бил пронајден и одземен кокаин.

На 08.10.2022 во 19.00 часот било пријавено дека во Кавадарци, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу Л.М.(43), од една страна и А.К.(45) и М.К.(37), од друга страна, сите од Кавадарци, во која бил употребен и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.10.2022 во во 01.30 часот било пријавено дека во с.Владиниово, беровско, по претходна вербална расправија, дошло до физичка пресметка помеѓу Б.К.(43) и Т.Т.(45), двајаста од Куманово. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.10.2022 во 11.00 часот М.П.(31) од С.Будинарци, беровско, приведен дека на регионалниот пат кон планината Плачковица-Радовиш, бил физички нападнат од две лица, а едното употребило и тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.И. од Кочани, со престој во Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или експлозивни материи". Приведениот неовластено поседувал и носел со себе 237 куршуми маневарска муниција со калибар 7.62 х 39 мм.

На 09.10.2022 во 00.50 часот било пријавено дека во Радовиш бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу О.А. и Ф.К., двајаста од Радовиш од една страна и В.Ј. од с.Иљево, радовишко, од друга страна. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.10.2022 во 03.15 часот М.Р.(40) од с.Дедино-Конче, пријавил дека околу 00.30 часот во Радовиш неговата малолетна керка била физички нападната од друга малолетничка. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.10.2022 во 17.45 часот во с.Мало Турчане, гостиварско, на полициски службеници од ОВР Гостивар бил лишен од слобода А.Б.(42) од истото село, поради тоа што околу 13.40 часот физички се пресметувал со неговиот соселанец Н.З.(71). Се работи на расчистување на случајот.

На 08.10.2022 во 14.50 часот било пријавено дека во с.Русиново, беровско, настанал пожар во куќа сопственост на И.Б.(84). Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од страна на екипа од Територијална противпожарна единица Берово. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Берово.

Денеска (09.10.2022) во 00.45 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово бил лишен од слобода Ш.А.(42) од Тетово, поради тоа што претходниот ден околу 18.45 часот физички ги нападнал неговиот 18-годишен син и 65-годишната мајка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.10.2022 во 15.30 часот В.М. од с.Соколарци – Општина Облешево приведен дека додека работел на реконструкција на локалниот пат Скопје–с.Арачиново, во дол кај патот кон селото забележал неексплодирана топовска граната. Полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото, а од страна на Дирекцијата за заштита и спасување граната била безбедно подигната за понатамошна постапка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против И.С.(21) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори. На 28.07.2021, полициски службеници при преглед кај приведениот пронашле и одзеле марихуана.

На 08.10.2022 полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Н.И.(37) од с.Арачиново, скопско. Тој се сомничи дека во 12.40 часот во с.Арачиново, заедно со Е.Н. (24) и И.И.(34), и двајаста од с.Арачиново, по претходно недоразбирање околу сообраќајот физички го нападнале А.З.(35) од с.Арачиново, а употребиле и тврд предмет и пиштол, при што му го оштетиле возилото. Тие, пукајќи го оштетиле возилото на неговиот татко Б.З.(62). Повредени лица нема, а по целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува поднесок.

На 08.10.2022 во 16.00 часот било пријавено дека на патот Берово-Струмица, на место викано „Три реки", настанал пожар во сушара, сопственост на И.Б.. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Излезено било на местото на настанот од полициски службеници од Полициската станица Берово.

На 08.10.2022 во 13.50 часот Р.М.(43) од Тетово пријавил дека на 07.10.2022 околу 20.50 часот во Тетово неговиот малолетен син бил физички нападнат од Х.Д.(37) од с.Цепчиште, тетовско. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.10.2022 во 20.58 часот Б.Ф.(33) од с.Кондово, скопско, пријавил дека на балконот од неговата куќа се здобил со повреда од зататкан куршум, по што му била укажана лекарска помош во Градската општа болница „8 Септември". Полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.10.2022 во 09.55 часот било пријавено дека во Скопје, на бул.„Партизански одреди", во спортска облоговалница, едно лице со закана и физичка сила од вработената оддело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", ОВР Кичево поднесе кривична пријава против И.Б.(40) од Кичево. При претрес во неговиот дом, извршен на 25.03.2022 година, по претходно добиена судска наредба, полициските службеници пронашле и одземе предмети со остатоци од кокаин.

На 08.10.2022 во 12.25 часот, Н.С.(18) од Скопје пријавил дека на ул.„23 Октомври" во Скопје две лица со закана му одделе пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет